Уп. бр. 10-92

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/14 53/16 и 83/18) и член 124 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15 и 65/18) постапувајќи по предлогот за огласување на решение за ништовно доставен од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони на седницата одржана на ден 15.07.2024 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Предлогот Уп.бр.10-92 од 20.06.2024 година (бр. 13-800/2 од 19.06.2024 година) на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за огласување за ништовно на Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата Уп.бр.10-110 од 10.08.2022 година, СЕ ПРИФАЌА.

2. Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата Уп. бр. 10-110 од 10.08.2022 година, СЕ ОГЛАСУВА ЗА НИШТОВНО БИДЕЈЌИ НЕГОВОТО ИЗВРШУВАЊЕ ВООПШТО НЕ Е МОЖНО.

**О б р а з л о ж е н и е**

Комисијата за заштита на конкуренцијата („во натамошниот текст: КЗК) со допис бр.10-92 од 31.05.2024 година побара од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (ДТИРЗ) официјално да се произнесе во врска со информациите во медиумите дека „Договорот за доделување на државна помош кон Друштвото за производство, трговија и услуги НЕКСТ.Е.ГО МОБИЛЕ, NEXT.E.GO MOBILE ДООЕЛ увоз-извоз Тетово се запира заради несолвентноста на компанијата „мајка„ како и секоја постапка предвидена за доделување на јавни средства„. Земајќи го предвид горенаведеното, КЗК побара од ДТИРЗ да се произнесе дали е возможна реализација на инвестицискиот проект за производство на моторни возила на Друштвото за производство, трговија и услуги НЕКСТ.Е.ГО МОБИЛЕ, NEXT.E.GO MOBILE ДООЕЛ увоз-извоз Тетово.

ДТИРЗ на ден 19.06.2024 година достави допис бр.13-800/2 (наш број 10-92 од 20.06.2024) со предлог до КЗК да го огласи за ништовно Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата Уп.бр.10-110 од 10.08.2022.

ДТИРЗ со дописот бр. 13-800/2 од 19.06.2024 година ја информираше КЗК и потврди дека по добиените информации за несолвентност на компанијата „мајка“, која е основач/сопственик

согласно податоците од Централниот регистар, планираната инвестиција на Друштвото за производство, трговија и услуги НЕКСТ.Е.ГО МОБИЛЕ, NEXT.E.GO MOBILE ДООЕЛ увоз-извоз Тетово за производство на моторни возила се запира и нема да се реализира. Воедно, ДТИРЗ ја информираше КЗК и дека до моментот на добивањето на информациите за несолвенстноста на компанијата „мајка“, НЕКСТ.Е.ГО МОБИЛЕ, NEXT.E.GO MOBILE ДООЕЛ увоз-извоз Тетово нема добиено државна помош по ниту еден основ, согласно Договорот за доделување на државна помош.

Исто така, во дописот на ДТИРЗ се наведува дека не постои можност за извршување на Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата Уп. бр.10-110 од 10.08.2022.

По разгледување на предлогот на ДТИРЗ за огласување на Решението на КЗК Уп. бр. 10-110 од 10.08.2022 за ништовно, КЗК утврди дека:

КЗК со Решение бр. 10-110 од 10.08.2022 година утврди дека дека планираната помош претставува државна помош и истата е дозволена како регионална индивидуална помош согласно член 4 став (1) точка 2 и точка 11 од Законот за контрола на државната помош, и утврди дека дел од планираната помош претставува доделување на државна помош преку шема на помош предвидена во Законот за технолошко - индустриски развојни зони.

Во предлогот на ДТИРЗ бр. 13-800/2 од 19.06.2024 е наведено дека планираната инвестиција на НЕКСТ.Е.ГО МОБИЛЕ, NEXT.E.GO MOBILE ДООЕЛ увоз-извоз Тетово за производство на моторни возила се запира и нема да се реализира заради несолвентноста на компанијата „мајка„.

КЗК ова го прифаќа како причина поради која Решението на КЗК Уп. бр. 10-110 од 10.08.2022 година не може воопшто да се изврши и истото го огласува за НИШТОВНО.

Врз основа на горенаведеното КЗК одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Упатство за правно средство:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Ана Николоска**